ЕВРОБАРОМЕТАР

# ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО ЕУ 2009

ЕУ27 — Број на интервјуа: 26,756; Дати за теренска работа: 25 Мај - 17ти Јуни 2009

МК — Број на интервјуа: 1,009; Дати за теренска работа: 29 Мај - 3ти Јуни 2009

Методологија: лице-во-лице

## 1. Контекст

QE16 Дали имате пријатели или познати кои се...?

**Одговор: Да**




*Расчленетост по социо-демографски категории*

Тема: Луѓе со различно етничко потекло од вас

| Да % | ЕУ27 | МК |
|---|---|---|
| Вкупно | 57% | 80% |
| **Gjinia** | | |
| Mashkull | 60% | 88% |
| Femër | 54% | 73% |
| **Возраст** | | |
| 15-24 | 71% | 85% |
| 25-39 | 65% | 81% |
| 40-54 | 60% | 82% |
| 55 + | 42% | 75% |
| **Завршено образование** | | |
| 15- | 41% | 65% |
| 16-19 | 56% | 86% |
| 20+ | 67% | 91% |
| Сеуште студира | 73% | 84% |

Резултатите од ова истражување го илустрираат мулти-културното и мулти-етничкото богатство што постои во Македонија. Всушност постојат повеќе Македонци кои познаваат луѓе со различно етничко потекло или религија, или различни од нивните верување или Роми во нивниот близок личен круг споредени со нивните Европски соседи (соодносот земен во ФИРОМ се разликуваше помеѓу 13 и 42 поени) . Сепак еден мал број од Македонците велат дека знаат луѓе хомосексуалци (само 6% во споредба со 38% во Унијата).

Како и на Европско ниво корелацијата на возраст (но исто така и нивото на образование) и фактот на знаење на луѓе од различно етничко потекло е многу силна. Младите луѓе на возраст меѓу 15 и 24 и луѓето кои студирале подолго се повеќе бројни во знаење луѓе од етничко потекло, различно од нивното.

## 2. Перцепција и искуство од дискриминација

QE1 За секој од следниве видови на дискриминација, дали би можеле да ми кажете дали според ваше мислење е доста раширена, донекаде раширена, донекаде ретка или доста ретка во (НАША ЗЕМЈА)? Дискриминација врз основа на ....

**Одговор: Вкупно “раширена”**




Македонското население смета дека дискриминација врз основа на возраст е најмногу распространета во нивната земја пред таа врз етничко потекло и инвалидност. Релативно со Европските резултати, Македонците, исто така, сметаат дека дискриминацијата врз основа на полот е почеста отколку во земјите-членки на Унијата (4 бода повеќе од Европскиот просек).



ЕВРОБАРОМЕТАР71.2
РЕЗУЛТАТИ ЗА ПОРАНЕШНА ЈУГОСЛОВЕНСКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОИЈА

МК

Европска Комисија

# ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО ЕУ 2009

ЕВРОБАРОМЕТАР

ЕУ27 — Број на интервјуа: 26,756
Дати за теренска работа:
25 Мај - 17ти Јуни 2009

МК — Број на интервјуа: 1,009
Дати за теренска работа:
29 Мај - 3ти Јуни 2009

Методологија: лице-во-лице

## 3. Дискриминација на работа

QE5 Во (НАША ЗЕМЈА), кога една компанија сака да вработи некого и има избор меѓу двајца кандидати со еднакви вештини и квалификации, кои од следниве критериуми можат според ваше мислење да го стават едниот кандидат во понеповолна ситуација?




Обемот на одговори на ова прашање е јасно пониско отколку во Европската Унија. Оваа може да наведе до размислување дека критериумите претставени овде се помалку релевантни за ситуацијата во Македонија. Возраста на баратетот за вработување сепак, е една од водечките критериуми кои би можеле да се неповолност за баратетот, далеку пред нивниот физички изглед или нивниот начин на облекување. Ние забележавме дека бојата на кожата или етничкото потекло или инвалидноста се цитирани за половина помалку отколку на Европско ниво.

## 4. Разнообразност во медиумите

QE11 Дали мислите дека различноста е доволно отсликана во медиумите, во контекст на...?




За мнозинството Македонци (и во дел слично на Европското ниво) диверзитетот/различноста во однос на етничката припадност, полот, возраста, религијата и инвалидноста се доволно застапени во националните медиуми. Единствена пониска забелешка: сексуална ориентација за која ситуацијата во Македонија се чини помалку задоволителна отколку во земјите-членки генерално. Забележавме дека стапката на не-одговарање беше прилично висока за ова прашање, доказ за потешкотии за да се оцени оваа точка.



ЕВРОБАРОМЕТАР71.2
РЕЗУЛТАТИ ЗА ПОРАНЕШНА
ЈУГОСЛОВЕНСКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОИЈА

МК

Европска Комисија

## 5. Ставови кон разноликост

QE6 Користејќи скала од 1 до 10, ве молиме да ни кажете како би се чувствувале кога би имале некој од секоја од следниве категории на највисока политичка позиција во (НАША ЗЕМЈА)?

**Одговор: просечна вредност**




Македонците покажаа воздржаност кога од нив се побара да се замисли еден политички лидер избран на највисоката национална канцеларија/функција и кои би можел да биде на возраст од над 75 години, или да биде хомосексуалец или физички инвалид. Просечните резултати добиени во оваа земја се многу пониски од оние што се забележани во Европската унија. Само изгледите за женска политичка личност, или од друга религија, различна етничка припадност или под 30 години ги доби мнозинството одговори.

## 6. Борба со дискриминација

QE10 Дали ги знаете вашите права доколку сте жртва на дискриминација или вознемирување?




Речиси секој втор Македонец вели дека тие ги знаат своите права во случај тие да се жртва на дискриминација или вознемирување. Тоа е подобро за 12 поени отколку Европското ниво. Кажувајќи го ова, речиси толку страдаат од недостаток на информации во врска со оваа точка.

Жени, луѓе на возраст над 55 и луѓе кои престанале да студираат порано, значат за популација која во најголема веројатност можат да бидат предмет на таква дискриминација, и се чини дека се најмалку свесни за своите права.

*Расчленетост по социо-демографски категории*

| Да % | ЕУ27 | МК |
|---|---|---|
| Вкупно | 33% | 45% |
| **Gjinia** | | |
| Mashkull | 35% | 47% |
| Femër | 31% | 43% |
| **Возраст** | | |
| 15-24 | 34% | 52% |
| 25-39 | 37% | 48% |
| 40-54 | 36% | 48% |
| 55 + | 27% | 33% |
| **Завршено образование** | | |
| 15- | 21% | 32% |
| 16-19 | 33% | 47% |
| 20+ | 44% | 56% |
| Сеуште студира | 33% | 58% |



# ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО ЕУ 2009

ЕУ27 Број на интервјуа: 26,756
Дати за теренска работа:
25 Мај - 17ти Јуни 2009

МК Број на интервјуа: 1,009
Дати за теренска работа:
29 Мај - 3ти Јуни 2009

Методологија: лице-во-лице

## 6. Борба со дискриминација

QE9 Општо земено, дали би рекле дека доволно е направено во (НАША ЗЕМЈА) во борбата против сите форми на дискриминација?




Вкупно Да Вкупно Не Не знае

ЕУ27 Надворешна пита МК Внатрешна пита

Македонците се исто поделени како што се Европејците кога се изготвува листа на напорите што се направени во нивната земја за борба против сите форми на дискриминација. Постои едно мало релативно мнозинство во размислувањето дека овие напори се доволни, но речиси исто толку го мислат спротивното.

QE15T Во случај вие да сте жртва на дискриминација или вознемирување, кого би сакале да го известите за вашиот случај? Најпрвин? А потоа? И на крај?




* Специфично име дадено во секоја земја

Како и Европејците во целина, и Македонците, ако тие би биле жртви на дискриминација или вознемирување најпрво ќе пријават во полиција, а потоа на адвокат или судови. Но, додека една третина од Европејците тогаш ќе се сврти кон некоја организација за еднакви можности, само 24% во БЈРМ ќе го сторат истото (11 поени помалку од Европското ниво) претпочитајќи да се помогнат од Невладина организација (НВО) или некое здружение.

